**ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**
**СКОПЈЕ**
*www.cph.mk, info@cph.mk*

***ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ СО РЕЗУЛУЦИЈАТА 54/134 НА 17 ДЕКМВРИ 1999 година ГО УТВРДИ 25 НОЕМВРИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ***

# *ЕЛИМИНАЦИЈА НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНАТА*






***Насилството врз жените е глобална пандемија. Околу 70 проценти од жените во светот доживеале насилство во текот на нивниот живот.***

***ВО СВЕТОТ ЕДНА ОД ДЕСЕТ ДЕВОЈКИ НАД 20 ГОДИНИ (120 МИЛИОНИ ШИРУМ СВЕТОТ), ПРЕТРПЕЛЕ НЕКОЈ ВИД НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО***







***ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

***СЕКОЈА ВТОРА ЖЕНА Е ЖРТВА НА ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО***

***СЕКОЈА ПЕТТА ЖЕНА Е ЖРТВА НА ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО***

***СЕКОЈА ДЕСЕТТА ЖЕНА Е ЖРТВА НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО***

***55,4% ОД ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО СЕ ОПРЕДЕЛИЛЕ ДА СЕ ПАСИВИЗИРААТ ОДНОСНО ДА ГО ТРПАТ НАСИЛСТВОТО***

***23,1% ОД ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО ПОБАРАЛЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ***



## *НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ СПОРЕД ОДРЕДЕНИ ПРИСТАПИ*

### *1. ИНДИВИДУАЛНА ПОЈАВА*

***Се објаснува со поединечни причини за нејзиното настанување.***

### *2.ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА*

***Корените на насилството се наоѓаат во општествената структура.***

### *3. НАУЧЕНА БЕСПОМОШНОСТ*

***Жените во процесот на виктимизација ги спречува да излезат од насилничкиот однос во бракот.***

### *4. ПРЕЖИВУВАЊЕ*

***Жените активно одговараат на насилството, бараат помош, односно ја изразуваат потребата од општествена поддршка и помош.***

### *5. ФЕМИНИСТИЧКИ ПРИСТАП*

***Настанувањето и опстојувањето на насилството се објаснува со неколку основни категории:***
***разлики помеѓу родот и полот, моќ, контрола, влијание и патријархат.***

## *НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ СПОРЕД НЕКОИ ТЕОРИИ*

- **Според *медицинската теорија*, насилството врз жените е во тесна врска со алкохолот.**

- **Според *економската теорија*, причините за насилството во бракот се врзуваат за лошите материјални услови - невработеноста, лошата материјална состојба, лошите станбени услови, голем број на деца итн.**

- ***Социолошката теорија* се темели на делувањето на голем број општествени фактори, меѓу кои се истакнуваат нормативната структура, цртите или особините на личноста, конфликтите и фрустрациите.**

- ***Теорија на субкултура*: појдовна позиција на оваа теорија е дека општествените норми и вредности упатуваат на насилство во семејството. Тоа значи дека насилството е одобрено.**

*Во борбата за елиминација на*

*насилството врз жените, да се обидеме*

*сите заедно да придонесеме во светското*

*движење за превенција,третирање*

*и запирање на насилството врз жените.*

***НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ***

***НЕ ПОЗНАВА географски граници,***

***НЕМА возрасна граница,***

***НЕМА социјална еднаквост/нееднаквост***

***НИТУ етничка припадност.***

*Да започнеме креативен и моболизирачки однос за подигање на јавната свест за **нулта толеранција и елиминицција** на насилството врз жените.*



***Насилството врз жените***
***претставува***
***сериозна <u>повреда на човековите права</u>***
***што како феномен се манифестира преку***
***дискриминаторски третман,***
***односно нееднаквост***
***помеѓу мажите и жените.***





***<u>ЕДНА ТРЕТИНА ОД МЛАДИТЕ ДЕВОЈКИ</u>***
***<u>КОИ СЕ ВО БРАК</u>***

***<u>СЕ ЖРТВИ НА</u>***
***<u>ЕМОЦИОНАЛНО, ФИЗИЧКО ИЛИ</u>***
***<u>СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО</u>***
***<u>ОД НИВНИТЕ МАЖИ</u>.***

*Насилството врз жените е едно од најсрамните кршења на човековите права што не познава граници, социјален статус, религија и образование.*

*Тоа може да им се случи на сите жени. Во нашата кулутра е всадено дека е најдобро насилството да се крие од јавноста.*

*За жал, жртвите се тие кои се срамат од чинот на насилство, а не насилниците.*



**НАЈЧЕСТИ ИЗРЕКИ НА НАСИЛНИКОТ**

**ПРВИОТ ПАТ**

***Те молам прости ми !***
***Извини, извини.....!***
***Не сакав да те повредам !***



**ПОТОА**

***Ќе ги повредам децата, ако кажеш.***
***Ќе покажуваат со прст на тебе.***
***Ќе те убијам.***
***Никој нема да ти верува.***
***Да не си се осмелила да кажеш некому.***

***КАКО ЌЕ ГО ПРЕПОЗНАЕТЕ НАСИЛНИКОТ?***

- ☑ ***Ако вашиот партнер е претерано љубоморен и посесивен;***
- ☑ ***Тој се обидува да Ви ги ограничи контактите со фамилијата или со пријателите;***
- ☑ ***Насилникот инсиститира да знае каде одите и со кого сте го минале времето;***
- ☑ ***Тој Ве нарекува со погрдни имиња, Ве напаѓа или се однесува на начин да Ве замолчи и прави Вие да се чуствувате лошо;***
- ☑ ***Тој Ве спречува да работите надвор од домот;***
- ☑ ***Тој Ве спречува да ги користите парите и ги крие од Вас;***
- ☑ ***Неговиот збор секогаш мора да се почитува и да биде последен.***

***Мерки за подигање на свеста против насилството врз жената***

***Заедничка јавна акција.***

***Мерки на ниво на закони.***

***Заштита на жртвите.***

***Активно учество на мажите.***

***Национални акциони планови.***

***Спроведување на кампањи.***

***Имплементација на ефективни мерки.***

***Спречување на насилството.***

*Извор:*

1. *Center for Women's Global Leadership htTP://www.cwgl.rutgers.edu/*

2. *http*://www.humanrights.coe.int./equality

3. *Непристојност, заканување и други проблематични телефонски повици на жените во Англија и Велс:1982-1992 (1995) Истржување и планирање, Официјална канцеларија Лондон*

4. *Економист 12.8.95*

5. *Акциски план за борбата против насилството врз жените (документ EG-S-VL (97)1 ) содржи примери на успешни информациони кампањи како Нулта толеранција, кампања во Единбург, Шкотска (Обединето Кралство) (поглавје VII и прилог I)*

6. *Декларација за елиминација на насилството врз жените на ОН (1993) и Платформа за акција усвоена на Пекингшката конференција (поглавје IV.D)*

7. *Заклучоците на семинарот одржан од Советот на Европа во Стразбур во 1999 за Мажите и насилството врз жените; Форумот одржан во Романија во 1998. Ставање крај на домашното насилство: дејства и мерки.*

*8. http://www.coe.int/t/dg2/equality/DOMESTICVIOLENCECAMPAIGN/*

*9. Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените на Обединети Нации,2006*

*10. Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година*

*11. Препорака Пре(2002)5 на Комитетот на министри при Советот на Европа*

*12.www.coe.int/stopviolence/intergov.*

*13. Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените на Обединети Нации,2006*

*14. Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година*

*15. Препорака Пре(2002)5 на Комитетот на министри при Советот на Европа*

*16. Сузбивање на насилството врз жените – Преглед, анализа на мерки иакции превземени од државите членки на Совет на Европа, 2006 год.*

*17. Студија Да се стави крај на насилството на жените – ООН, 2006 год.*

*<u>Изготвувачи:</u>*

*Прим. д-р сци. д-р спец. Персида Малинска*
*Прим .д-р сци. д-р спец. Весна Спирова*